**20111483226**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 19 октомври 2011 година.

Бр. 07- 4392/1
19 октомври 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА**

Член 1

Во Законот за заштита на природата ("Службен весник на Република Македонија" број 67/2004, 14/2006, 84/2007, 35/10 и 47/11), во членовите 19 став (6) и 33 став (4) зборовите: „Комисијата на Владата на Република Македонија надлежна за решавање на управни работи во втор степен од областа на заштитата на природата" се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен".

Член 2

Во членот 30 по ставот (7) се додаваат два нови става (8) и (9), кои гласат:

„(8) Дозволата или сертификатот од ставот (1) на овој член се издава во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето.

(9) Доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштитата на природата го одбие барањето за издавање на дозволата од ставот (1) на овој член, подносителот има право да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен."

Член 3

По членот 30 се додава нов член 30-а, кој гласи:



www.pravdiko.com

„Член 30-а

(1) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштитата на природата не ја издаде дозволата или сертификатот, односно не донесе решение за одбивање на барањето за издавање на дозволата или сертификатот од членот 30 став (1) од овој закон во рокот утврден во членот 30 став (8) од овој закон, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштитата на природата да донесе решение со кое се дава согласност за издавање на дозволата или сертификатот од членот 30 став (1) од овој закон. Доколку министерот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштитата на природата.

(2) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштитата на природата.

(3) Кон барањето од ставот (1) на овој член подносителот на барањето поднесува копија од барањето од членот 30 став (1) од овој закон за издавање на дозволата или сертификатот.

(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштитата на природата е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (1) на овој член, до писарницата да донесе решение со кое барањето за издавање на дозвола или сертификат од членот 30 став (1) од овој закон е уважено или одбиено.

(5) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштитата на природата не го донесе решението во рокот од ставот (4) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(6) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (5) на овој член да изврши инспекциски надзор во органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштитата на природата и да утврди дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за утврдената состојба при извршениот надзор.

(7) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштитата на природата во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го одобри или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(8) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштитата на природата не одлучи во рокот од ставот (7) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштитата на природата ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучувал по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.



www.pravdiko.com

(9) Доколку министерот не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (8) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(10) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (5) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(11) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот (10) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето согласно со ставовите (6) и (7) на овој член и/или не поднесе пријава согласно со ставовите (8) и (9) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(12) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (11) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Во случајот од ставот (12) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(14) Во случајот од ставот (13) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(15) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (11) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(16) Доколку министерот не одлучи во рокот од ставот (8) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(17) Постапката пред Управниот суд е итна."

Член 4

Во членот 132 по ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

„(2) Дозволата од ставот (1) на овој член се издава во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето.

(3) Формата и содржината на барањето од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштитата на природата."

Член 5

По членот 132 се додава нов член 132-а, кој гласи:

„Член 132-а

(1) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштитата на природата не ја издаде дозволата, односно не донесе решение за одбивање на барањето за издавање на дозволата од членот 132 став (1) од овој

закон во рокот утврден во членот 132 став (2) од овој закон, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштитата на природата да донесе решение со кое се дава согласност за издавање на дозволата од членот 132 став (1) од овој закон. Доколку министерот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштитата на природата.

(2) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштитата на природата.

(3) Кон барањето од ставот (1) на овој член подносителот на барањето поднесува копија од барањето од членот 132 став (1) од овој закон за издавање на дозволата.

(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштитата на природата е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (1) на овој член, до писарницата да донесе решение со кое барањето за издавање на дозвола од членот 132 став (1) од овој закон е уважено или одбиено.

(5) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштитата на природата не го донесе решението во рокот од ставот (4) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(6) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (5) на овој член да изврши инспекциски надзор во органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштитата на природата и да утврди дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за утврдената состојба при извршениот надзор.

(7) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштитата на природата во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го одобри или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(8) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштитата на природата не одлучи во рокот од ставот (7) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштитата на природата ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучувал по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(9) Доколку министерот не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (8) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(10) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (5) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(11) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот (10) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето согласно со ставовите (6) и (7) на овој член и/или не поднесе пријава согласно со ставовите (8) и (9) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштитата на природата дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(12) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (11) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Во случајот од ставот (12) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(14) Во случајот од ставот (13) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(15) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (11) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(16) Доколку министерот не одлучи во рокот од ставот (8) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(17) Постапката пред Управниот суд е итна.“

Член 6

Подзаконските акти од членовите 3, 4 и 5 од овој закон министерот ќе ги донесе во рок 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

По донесувањето на подзаконските акти од членовите 3 и 5 од овој закон истите веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавуваат на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, освен одредбите од членот 2 од овој закон кои ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.



www.pravdiko.com